


Мицкоски го корегираше Заев: Не сме „Северна“, ние сме Република Македонија

Додека Зоран Заев како расипана лента го повторуваше новото име на државата ,,Република Северна Македонија’’, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ , Христијан Мицкоски го поправи и истакна дека името на државата е Република Македонија.

Дуелот на деценијата како што беше најавен го потврди предвидувањето на Инфомакс дека ќе биде судир на два концепти Република Македонија на Мицкоски и Република Северна
Македонија на Зоран Заев.

Досега Зоран Заев не одговори на ниту едно суштинско прашање и едноставно го повторуваше новото име обидувајќи се многу веројатно да испровоцира емотивен одговор од страна на неговиот соговорник. Сепак неговата провокација не успеа па Мицкоски, стабилно и едноставно му одговори дека името на нашата држава е Република Македонија.

https://dnevno.mk/